РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА
„УСЛУГИ" Акционерско друштво
Бр. 0202-1572/3
22.05. 2025 год.
СКОПЈЕ

# НОМИНАЦИЈА
## за избор на членови на одборот на директори
## на РЖ УСЛУГИ АД Скопје

Во смисла на член 344 од ЗТД на Собранието на акционери на друштвото РЖ УСЛУГИ АД Скопје, со седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр. 18, кое ќе се одржи на ден 30.05.2025 година со почеток во 10,00 часот во просториите - амфитеатар на М6 Едукативен Центар на ул.810 Скопје (во близина на Пивара АД Скопје) следните лица се предлагаат за избор на членови на одборот на директори на друштвото:

1. **Филип Мешков** - кандидат за член на одборот на директори, пол машки, возраст 66 години, образование дипл.правник, работно искуство 40 години во повеќе друштва -Универзитет Св. Кирил и Методиј (1982-1994), АД Словин Југококта (1994-1996), Луна експорт-импорт (1996-1999), АД Македонски Пошти (1999-2023), од 2023 е пензионер. Бил член на Советот на Универзитет Св. Кирил и Методиј – Земјоделски Институт, бил директор на Луна експорт-импорт, бил владин повереник во АД Меркез, и бил член на УО на АД Македонски Пошти, а од 2017 година до сега е член на Одборот на директори (независен) на РЖ УСЛУГИ АД Скопје. Не поседува акции во друштвото и во други друштва и нема заеми и други обврски спрема друштвото.

2. **Јован Гечески** - кандидат за член на одборот на директори, пол машки, возраст 46 години, образование магистер по електротехника и информациски технологии, работно искуство 18 години – компанија Беннинг ПСАМ, Приватна научна установа Рударски Институт, акредитирано овластено инспоекциско тело Македонски Институт за квалитет, а од 2013 во РЖ УСЛУГИ АД Скопје. Од 2013 година до сега е извршен член на одборот на директори, не поседува акции во друштвото и во други друштва и нема заеми и други обврски спрема друштвото.

3. **Ѓорѓе Качурков** – кандидат за член на одборот на директори, пол машки, возраст 72 години, образование дипл.машински инжинер, доктор по науки, работно искуство 44 години во ПОС Железара од 1977 до 1983 година, и во ПНУ Рударски Институт Скопје од 1984 до 2022година, а од 2022 година и сега е пензионер. Бил член на ГАМА АД Скопје, член е на Одборот на директори на Рударски Институт, и директор, член е на комисијата за енергетика во ОН во Женева. Од 2021 година до сега е претседател на одборот на директори во РЖ УСЛУГИ АД Скопје. Сопственик е на 379000 акции во РЖ УСЛУГИ АД Скопје и нема заеми и други обврски спрема друштвото.

4. **Александар Кечовски** - кандидат за член на одборот на директори, пол машки, возраст 50 години, образование дипл.машински инжинер, работно искуство 17 години – FG Wilson Ltd, Caterpillar Group Old Glenarm Road, ПНУ Рударски Институт, Когел Север ДОО, Македонски Институт за квалитет, а од 2014 до 2023 во Когел Стил ДОО Скопје, од 2023 год. и сега во Македонски Институт за квалитет. Од 2013 година до сега е неизвршен член на одборот на директори на РЖ УСЛУГИ АД Скопје, бил управител на КОГЕЛ СЕВЕР ДОО од 2008 до 2015год, а од 2014год. и сега е управител на КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје, не поседува акции во друштвото РЖ УСЛУГИ АД Скопје и во други друштва и нема заеми и други обврски спрема друштвото.

5. **Славчо Стојанов** - кандидат за неизвршен член на одборот на директори, пол машки, возраст 35 години, образование дипл.машински инжинер, отсек термичко инжинерство, работно искуство 13 години во следните друштва: 2011-2012 фирма "Rehau", а од 2012 и сега во Македонски Институт за Квалитет ДООЕЛ, управител е на друштвата РИ Енергоинститут ДООЕЛ Скопје и Македонски Институт за Квалитет ДООЕЛ Скопје, а во период од 07.08.2020 до 20.05.2022 бил ВД Директор на ПНУ Рударски Институт. Од 2020 година до сега е неизвршен член на одборот на директори на РЖ УСЛУГИ АД Скопје. Не поседува акции во друштвото и во други друштва, поседува 100% од уделот во друштвото РИ Енергоинститут ДООЕЛ Скопје, нема заеми и други обврски спрема друштвото РЖ УСЛУГИ АД Скопје.

Поопширно биографските податоци за предложените кандидати за избор на членови на одборот на директори ќе бидат ставени на увид заедно со другиот работен материјал од денот на објавата на номинацијата секој работен ден во просториите на душтвото на РЖ УСЛУГИ АД Скопје, на ул.16-та Македонска Бригада бр. 18, Главна дирекција, приземје, секој работен ден од 12,00 до 14,00 часот и на официјалната интернет страница на друштвото - www.rzu.com.mk

РЖ УСЛУГИ АД Скопје

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ